Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија

Комора на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1258/1
13.12 2022 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-647/1
13. 12. 2022 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ

## за меѓусебна соработка

Склучен на ден 13 декември 2022 година помеѓу:

1. **Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија** со седиште на Бул.„Партизански Одереди" бр.29, Т.Ц. Буњаковец лок.15 (2 кат), 1000 Скопје, застапувана од **Претседателот на Комората, м-р Кристинка Радевски (во натамошниот текст: КОАИ)** од една страна и

2. **Комора на Трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија** со седиште на Ул. Црвена Скопска Општина бр.10 кат 1 лок.4/5, 1000 Скопје, застапувана од **Претседателот на Комората, м-р Никола Рибароски** (во натамошниот текст: Комора за трговски друштва за Геодетски работи на РМ)

### Член 1

Со цел развој и соработка во делот на Коморското работење, а во согласност со заедничките интереси на двете институции, КОАИ и Комора на трговски друштва за геодетски работи на РМ го потпишуваат овој меморандум за соработка.

Со овој меморандум, Договорените страни можат да ги потикнуваат и развиваат активностите за соработка на разлчни начини.

### Член 2

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на реализација на цели од взаемен интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица и професинални тимови од КОАИ и Комората на трговски друштва за геодетски работи на РМ во процесот на

изготвување на предлог документи или мерки за развој на Коморското работење во Република Северна Македонија;

- Организирање и спроведување на апликативни проекти и взаемна размаена на информации;

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комора на трговски друштва за геодетски работи на РМ и КОАИ на струкови настани кои ќе третираат теми од области на заеднички интерес;

- Едукативни активности и организација на курсеви по потреба за членките на Коморите;

- Учество во заеднички проекти во област на заеднички интереси;

- Консултативни активности;

- Формирање експертски тимови за изработка на предлог документи за Законски и подзаконски решенија, од области на заеднички интереси;

- Организирање и учество на научни и професионални состаноци, конференции, симпозиуми и други форми и облици на огранизирани настани;

- Двете страни потписнички на овој меморандум, ги ставаат на располагање, во ограничен обем, своите просторни капацитети за потребите на другата страна потписничка, доколку условите го дозволуваат истото, притоа покривајќи ги основните трошоци на другата страна;

- Други области од заеднички интерес заради кои се заснова соработката;

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

## Член 3

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

## Член 4

Меморандумот може да се менува или дополнува и секоја измена и дополнување мора да биде доставено во писмена форма и одобрено од двете договорени страни.

## Член 5

При извршување на своите обврски и активности договорените страни се обврзани да работат совесно, одговорно со примена на своите знаења и работно искуство, деловна етика со што на најдобар начин во секое време ќе се допринесе за успшно реализирање на соработакта.

## Член 6

Споровите од меѓусебните односи од соработакта кои би настанеле со примена на овој Меморандум, договорените страни првенствено ќе ги решаваат спогодбено и на пријателски начин.

## Член 7

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци и секоја од договрените страни задржува по 2 (два) примерока.

**потпис и м.п.**

**М-р Кристинка Радевски**
**Претседател**

Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија

**потпис и м.п.**

**М-р Никола Рибароски**
**Претседател**

Комора на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Северна Македонија

**Скопје, 13 декември 2022 година**